# Месечен билтен

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија

www.ssm.org.mk info@ssm.org.mk Јуни 2016 година Број 6


## ОДРЖАНА 105-ТАТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МОТ

**7-8.6.2016**

Трипартитна делегација согласно статутот на Меѓународната организација на трудот (МОТ), претставници на репрезентативните синдикати, организации на работодавачи и влади, присуствуваа на 105-тата седница на Генералното Собрание на МОТ, која се одржа на 7 и 8 јуни 2016 година, во Женева.



Слика 1. Трипартитната делегација од Македонија

Во делегацијата учествуваа: Министерот за труд и социјална политика на Република Македонија, Диме Спасов, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), д-р Живко Митревски, претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС), Благоја Ралповски и претседателот на Организацијата на работодавачи на Р. Македонија (ОРМ), Ангел Димитров.

На Генералното Собрание на МОТ, свое излагање имаше Министерот за труд и социјална политика на Република Македонија, Диме Спасов, а претставниците на синдикатите и организацијата на работодавачи учествуваа во работата на повеќе комисии. На оваа 105-та седница на Генералното Собрание на МОТ, делегацијата гласаше и за прифаќање на повеќе конвенции.

Еден од позначајните документи кој беше разгледуван на сесијата беше и: „Влијанието на Декларацијата на МОТ за Социјалната Правда врз Фер Глобализацијата, 2008.

## ОДРЖАН СОСТАНОК ЗА КОМУНИКАЦИИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГО- ИСТОЧНА ЕВРОПА И ЗЕМЈИТЕ ОД ПОРАНЕШЕН СССР

**8-9.6.2016**

Во периодот од 8-9 јуни 2016 година, во Братислава, Словачка се одржа состанок за комуникации на кој присуствуваа претставници од земјите од Југо- источна Европа и поранешен СССР, лица задолжени за делот на комуникација во самите синдикати. На состанокот присуствуваа претставници од: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, БиХ, Хрватска, Грузија, Казахстан, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Русија, Србија, Украина, претставници од канцелариите на ITUC PERC Сараево, Москва и Брисел, како и претставник од ЕПСУ, кои имаа свои презентации во делот на синдикатите и интернетот, креирање стратегии, кампањи, инструменти и социјални мрежи.



Слика 1. Учесници на состанокот

Главната тема која беше дискутирана на овој состанок беше комуникацијата како главна алатка во промовирање, менаџирање и унапредување на имиџот и успесите на синдикатите, нивната транспарентност и видливост. Учесниците на состанокот дискутираа по горенаведените теми, а посебен фокус беше ставен на интерната комуникација како мотор за ефикасност на синдикатите. Преку групната работа самите учесници имаа задача да го разработат процесот на комуникација, неговото градење, ширење, вмрежување, недостатоци и предности.

Она што беше потенцирано и презентирано од страна на учесниците беа позитивните и негативните страни на процесот на комуникација, како и недостатоците и потешкотиите со кои се соочуваат синдикатите од овие земји, недоволната интерна и екстерна комуникација и проблемот во протокот на информации.

Сојузот на синдикатите на Македонија, беше презентиран како пример за добра пракса и добро разработена мрежа и стратегија за комуникација, сојуз кој редовно и навремено известува и покрива информации поврзани со релевантните настани и активности, преку својата интернет страна и месечен билтен. Воедно, на овој состанок беше претставена и новата интернет страна на ССМ.

На самиот крај на состанокот беа донесени и одредени заклучоци меѓу кои и потребата од едукација и тренинг во делот на комуникација и ПР, редовни состаноци на работната група, како и континуирана помош и поддршка од ИТУЦ ПЕРК и останатите меѓународни организации во однос на комуникацијата, спроведувањето на одредени кампањи, публикации и сл.

## ПРОМОЦИЈА НА ТРУДОТ „СТУДИЈА ЗА ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ“

**16.6.2016**

На ден 16.6.2016 година во просториите на Сојузот на здруженијата на пензионери на Р. Македонија (СЗПМ) беше промовиран трудот „Студија за пензионерското организирање“.

На овој настан како презентер и рецензент на трудот присуствуваше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

Во своето излагање како рецензент претседателот д-р Митревски истакна: „Трудот „Студија за пензионерското организирање“ е еден од ретките трудови во поновата македонска публицистика која на еден систематизиран, историско хронолошки и публицистички поткрепен дава осврт врз пензионерското организирање во поновата македонска историја.

Авторите на студијата на еден мошне едноставен, пристапен за читателот начин даваат хронолошки осврт врз исклучително значајна тема, а тоа е пензионерското организирање и неговата рефлексија врз социјалните, економските, историските па и социолошко- политичките аспекти на тоа организирање во општеството.

Користејќи симбиоза на историски фактографски и публицистички материјали, авторите обезбедуваат историски осврт врз развојот на социјалното организирање, првите форми на пензионерски здруженија и сојузи, информативните гласила на пензионерите, јубилејните одбележувања, историската поврзаност меѓу синдикалното организирање и движење со пензионерското организирање и движење, институционалните форми на автономното синдикално организирање и активностите на соодветните форми на пензионерско организирање во независна

Студијата има посебна вредност бидејќи авторите на еден посебен начин со еден посебен стил се осврнуваат и го објаснуваат настанувањето и развојот на пензионерското организирање, посебно укажувајќи според активностите на неговиот специфичен и автономен карактер особено во 1994 година па натаму во Република Македонија.



Слика 1. Претседателот д-р Митревски со авторите на трудот

Студијата на еден успешен начин, пензионерското организирање го анализира и му овозможува на читателот да биде запознаен и со детерминираноста на општествено- економските и политичките претпоставки кои влијаеле врз неговиот развој се разбира овозможувајќи му на читателот да биде запознаен и со основните уставни, законски и други нормативни одредби кои исто така го детерминираат развојот на пензионерското организирање.

Посебна тежина на Студијата му дава хронолошкиот пристап на информативниот и комуникацискиот пристап на пензионерското организирање реализирано преку соодветните гласила кои како хроничари на времето даваат јасна слика за пензионерското живеење, култот на т.н. трето доба, но и за самопрегорот на лидерите на пензионерското организирање во обезбедувањето на подобра социјална, материјална и економска состојба но и статус на пензионерите во македонското општество.

Светлата страна на т.н. трета доба, духот и еланот на ветераните на трудот во студијата посебно се отсликани и преку хронолошкиот пристап на активностите од спортско- рекреативен карактер, пензионерските ревии, натпревари, но и пензионерското ширење на соработка со други сродни организации од странство и соработки со соодветни институции и субјекти од државата и странство.

Студијата во себе инкорпорира и повеќе трудови од повеќе автори кои давале осврт кон повеќе теми за пензионерското организирање и за феноменот на „Пензионерската сага“ и воопшто за пензионерот.

Посебна вредност на Студијата бележиме и во однос на тоа што исто така на хронолошки и аргументиран начин се евидентираат сите активности, идеи, стратегии и предлози кои вродија со плод и придонесоа за значајно унапредување на социјалната, економската и материјалната положба на пензионерот посебно во овие последни 8 до десет години. Овој дел е и своевиден одговор на низа субјекти кои имаа друг пристап кон пензионерското организирање и кои правеа обиди да го нарушат автономниот, независен, недржавен карактер на пензионерското организирање.

Студијата има јасен систематизиран употреблив стил и јазик кој овозможува на еден исклучително прифатлив начин да се анализира и елаборира оваа комплексна материја поврзана со пензионерското организирање.

Студијата со својата комплексност препораките, ставовите како и очекувањата на пензионерите и на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, презентирани во истата даваа стручна основа за натамошна разработка на оваа материја што претставува уште една вредност на овој труд кој топло го препорачувам на целокупната јавност, а особено на оние кои се активни партиципиенти и носители на пензионерското организирање во Република Македонија.

Во обраќањата на авторите Драги Аргировски и Илија Глигоров, исто така беше истакнато значењето на студијата за пензионерското организирање и збогатување на публицистиката на овој план.

Претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски во контекст на одбележување на 70 години од пензионерското организирање во Р. Македонија најави уште други изданија во кој ќе биде автор.

# ОБУКИ ЗА ОСНОВНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БЗР, ЗАСТАПУВАЧКИ И ЛОБИРАЧКИ ВЕШТИНИ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДОБРА ПРАКСА И ИСКУСТВО ОД ЕУ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БИПАРТИТНИОТ

**6-10.6.2016**

Во период од 6-10 јуни 2016, Сојузот на Синдикатите на Македонија во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР) спроведе 2 дводневни обуки за зајакнување на капацитетите на претставниците на вработените за безбедност и здравје при работа, синдикални претставници, како и претставници на работодавачите за основни стандарди за безбедност и здравје при работа, застапувачки и лобирачки вештини и пренесување на добра пракса и искуство од ЕУ за функционирање на бипартитниот дијалог во ЕУ.

Обуките се дел од проектот проектот “Зајакнување на партнерствата на граѓанското општество и државните институции во креирање и унапредување на правото за безбедна и здрава работна средина - Основно човеково право”, финансиран од Европската Унија.



Слика 1. Учесниците на обуката

Целта на обуките е преку дефинирање на основните концепти на безбедноста и здравјето при работа, да се унапреди улогата на претставниците на вработените за БЗР/синдикалните претставници во однос на зголемувањето на капацитетите и подобрувањето на бипартитниот БЗР дијалог во компаниите, како и запознавање со начелата на ефективните системи за лобирање и застапување и унапредување на знаењата и вештините на претставниците за БЗР за концептот на лобирање и застапување. Учесниците имаа можност да се запознаваат со практичните примери, како од домашните експерти така и од страна на ЕУ експерт за функционирање на дијалогот помеѓу претставниците за БЗР и работодавачите и улогата на социјалниот дијалог во насока на подобрување на работните услови и креирање на здрава и безбедна работна средина.

На обуката и претходеа 10 информативни состаноци низ земјата со цел да се поттикне соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество и државните институции во промоција на безбедни и здрави работни места, да се согледаат проблемите на работниците и работодавачите во работната средина како и да се подигне свеста за безбедноста и заштитата при работа.

Од обуките произлегоа бројни препораки кои се во насока на подобрување на дијалогот помеѓу претставниците на вработените и работодавачите и истите понатаму ќе бидат доставени до надлежните институции со цел подобрување на условите за работа на работниците, намалување на професионалните заболувања и повредеи при работа и унапредување на БЗР во нашата земја.

Според неофицијалните извештаи на Македонско здружение за заштита при работа во 2015 година се случиле 144 несреќи при работа од кои 39 со фатален исход, со што стапката на смртни случаи во Македонија изнесува 5,44 односно на секои 100.000 вработени, загинуваат 5-6 вработени. Оваа стапка е во благ пад доколку се спореди со 2014 година, но доколку се направи компарација со Велика Британија, каде стапката изнесува само 0,5, ќе констатираме дека Македонија има прилично висока стапка на фатални несреќи при работа.

Во наредниот период од имплементирање на проектот следи изработка на студија за функционирање на бипартитниот БЗР дијалог во компаниите и улогата на претставниците на вработените за БЗР во земјата.

# ПРОДОЛЖУВА КОНСТИТУИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ НА ЛОКАЛНО НИВО

# -ОСНОВАНИ ЛЕСС ВО СТРУГА И КИЧЕВО-

**28.6.2016**

Во рамките на Проектот за унапредување на социјалниот дијалог, финансиран од Европската Унија, со реализација на Меѓународната Организација на трудот (МОТ), на 28.6.2016 година, во Струга и Кичево беше потпишана Спогодба за формирање на ЛЕСС од страна на социјалните партнери и општините Струга и Кичево.



Слика 1. Потпишување на Спогодбата за формирање на ЛЕСС во Струга

Потписници на спогодбата се градоначалникот на Општина Струга, г. Зијадин Села, градоначалникот на Кичево, г. Фатмир Деари, претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, г. Живко Митревски, претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, г. Ангел Димитров и претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Благоја Ралповски.



Слика 2. Потпишување на Спогодбата за формирање на ЛЕСС во Кичево

Спогодбата претставува основа за институционален развој на социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво, како и помеѓу јавниот и приватниот сектор, особено меѓу системот за образование и за поддршка при вработување од една страна и работодавачите од друга страна; воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем; вклучување на младите во регионалниот дијалог преку нивно учество во ЛЕСС; размена на мислења и информации; покренување на заеднички иницијативи; учество во креирање на законски решенија кои влијаат на материјална и социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници и работници технолошки вишок, пензионерите, младите, жените и др.; развивање на колективното договарање, преговарање и склучување на ниво на претпријатијата и установите; следење на состојбата со вработеноста и предлагање на мерки за поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на труд и сл.

# ОДРЖАНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ПЛАТФОРМА

**29.6.2016**




Слика 1. Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски на конференцијата

На 29ти јуни 2016 година во Сараево се одржа конференција по повод отворањето на регионалниот проект Платформа за вработување и социјални работи, организирана од страна на Советот за регионална соработка и Меѓународната организација на трудот, со поддршка на Генералниот директорат за вработување, социјални работи и инклузија на Европската комисија.

Целта на оваа конференција беше да се дискутира по однос на прашања кои се приоритет на политиката поврзана со вработувањето и пазарот на работна сила во Западен Балкан, поттикнување на вработувањето на младите - главен предизвик и можност за иднината на Западен Балкан, како и подоброто управување на пазарот на трудот.

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, претседателот на ОРМ, Ангел Димитров и заменик министерот за труд и социјална политика, Ибрахим Ибрахими учествуваа во панел дискусиите, каде претседателот на ССМ посебен осврт стави на организирањето на ефективен социјален дијалог кој успешно обезбедува креирање на порационални политики на пазарот на трудот. Во овој контекст беше споменато и значењето на примената на концептот на „пристојна работа“ во креирање на политиките на пазарот на трудот, како и напредокот направен во делот на подобрување на вклученоста на локалната самоуправа во креирање на политиките на пазарот на трудот преку формирање на локалните економско- социјални совети. Од страна на заменик министерот за труд и социјална политика, Ибрахим Ибрахими беа презентирани мерките на вработување на младите лица, додека пак специфичните активности и вклученоста на Организацијата на работодавачи беа презентирани од страна на претседателот на ОРМ, Ангел Димитров.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел/факс +389 2 3161374